# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НАУКА ЗА УПРАВАТА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр 1102- 229/30 од 11.9.2015 година донесена на 123. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 9.9.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област наука за управата на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ „Утрински весник“ и „Коха“ на 21.8.2015 година и во предвидениот рок се пријави **д-р Јадранка Денкова, доцент од областа наука за управата.**

Врз основа на приложената документација од кандидатката, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Јадранка Денкова** е родена на 12 јануари 1963 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршува во Скопје, дипломира во 1986 година на Правниот факултет на Управно-политичката насока на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрира во 2005 година на студиите за кадровски менаџмент на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „*Претпоставки за организациска ефективност и ефикасност во јавните научни установи*” и се стекнува со диплома магистер по кадровски менаџмент**.** Во 2010 година докторира на Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово на тема „Правното дефинирање на кругот на одговорноста како основа за ефективна државна администрација во Република Македонија” и се стекнува со диплома доктор по јавна администрација.

Во периодот од 1988 год. до 1992 год. е вработена во Издавачката куќа „Наша книга” на работно место раководител на Административно-правен сектор. Од 1992 год. до 1998 год. е вработена во Министерство за внатрешни работи на работно место самостоен аналитичар - специјалност стопански криминал, недозволена трговија со дрога и оружје и организиран криминал. Од 1998 год. до 2006 год. е вработена во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на работно место раководител на Административно-правен сектор и секретар на Институтот.

Од 2006 год. до 2011 год. е вработена во Центарот за управување со кризи на работно место раководител на Сектор за финансиски прашања, правни и општи работи. Во 2010 год. е избрана во насловен доцент за наставно-научната област науката за управата во Универзитет „Гоце Делчев“ од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет. Одлука бр. 1602 – 49/6 од 28.3.2011 г. (Рецензија објавена во Универзитетски билтен бр. 55 од 1 март 2011 година). Од 2011 година е вработена на неопределено време на работно место наставник – доцент на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, каде што е ангажирана на Правниот факултет на прв и втор циклус студии (Дог. бр. 0402 -11/11 од 16.6.2011 г.).

Член е на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“ во периодот од 19.10.2011 година до 24.12.2013 година.

Учествува во работни групи за изработка на законски и подзаконски акти, како што се Законот за меѓуопштинска соработка, Законот за упатување лица во цивилни мисии и меѓународни организации, Законот за воена академија, Законот за управување со кризи. Уредбата за начинот и постапката за утврдување на плати и надоместоци на определени трошоци во ДКП на РМ во странство и др. Била член е на Комисија при Владата на РМ за проценка на штети во случај на природни катастрофи.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област наука за управата, избрана на 28.3.2011 година, од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

***Меѓународни научни списанија***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Denkova, Jadranka and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon and Stojanovski, Strasko | *Organizational and legal assumption for creating reliable public administration* | International Journal of Current Research, IJCR 7 (3). pp. 14184-14188. ISSN 0975-833X, Indexin SJIF 2014 | 2015 |
| 2. | Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko | *Clear rule and regulation in state department basic for effectiveness public administration.* | Holistica, Journal of Business and Public Administration Bucuresti, 6 (1). pp. 20-31. ISSN 2067-9785 | 2015 |
| 3 | Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka and Nikodinovska Krstevska, Ana | *Rule of Law and Inclusion in the Republic of Macedonia.* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (2). pp. 428-435. ISSN 2307-4531 | 2015 |
| 4. | Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon and Denkova, Jadranka | *Transparency vs. Corruption: The case of Republic of Macedonia* | Bulgarian Journal of Science and Education Policy (BJSEP), 8 (2). pp. 294-310. ISSN 1313-9118 | 2015 |
| 5 | Denkova Jadranka and Margarita Matlieva | HRM in public administration: effects of the public administration reform in the Republic of Macedonia. | International Journal of Business and Management Studies, ISSN: 2158 – 1479, 1 (3): 27-38 | 2012 |

***Меѓународна научна публикација***

| Бр. | Автор | Наслов на публикацијата | Издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Denkova, Jadranka | *Legal basis for responsible working of the administration in the Republic of Macedonia*. In: Developing Country Perspectives on Public Service Delivery | **Springer**, United States. ISBN 978-81-322-2159-3 | 2014 |

*Труд објавен во зборник на трудови од меѓународна научна конференција (кои имаат програмски одбор со учесници од најмалку четири земји и коишто се организираат најмалку по петти пат или се во организација на Универзитетот „ГоцеДелчев“ - Штип)*

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Година | Конференција и организатор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana | *The role of the administration in the process of the decision making in the local self government in the Republic of Macedonia.* | 2015 | Человек в глобальном мире, материалы Международной научной конференции (Воронеж, 18–20 мая 2015 г.). pp. 327-332. ISSN ISBN 978-5-9273-2207-7 |
| 2 | Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka | *Улогата на граѓанските организации во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа на Република Македонија* | 2015 | First International Scientific Confetence: The Man in the Global World, 18-20 May 2015, Faculty of Law, University of Voronezh, Russia |
| 3. | Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Trajkov, Petar | *Weber's models of bureaucracy in the age of globalization* | 2014 | International Scientific Conference: “Social Change in the Global World”, Stip, Macedonia ISBN 978-608-244-129-0 |
| 3 | Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan | *Preconditions for efficient public administration in the Republic of Macedonia.* | 2013 | National Question in the Central Europe, Democratic responses to unresolved national and ethnic conflicts International Conference. 22-24 March 2013. pp. 239-248. ISSN 978-615-5432-00-2 |
| 4 | Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka | *Citizens participation at local level in the Republic of Macedonia* | 2013 | National Question in Central Europe: Democratic responses to unresolved national and ethnic conflicts, Institute for Cultural Relations Policy-Budapest |
| 5 | Denkova, Jadranka | *Completed legal structure basis for responsible working of the state administration (paper of a case Republic of Macedonia)* | 2012 | Inernational Conference on Public policy and Goverernece Department of management studies, Indian Institute of Science Bangolare,ISBN 978-93-82062-60-8 |
| 6. | Denkova, Jadranka | *Encircled reform of the public administration basis for responsible working (case study of the Republic of Macedonia).* | 2012 | International Conference South-East European Countries toward European Integration. Faculty of Economy Elbasan – Albania,ISSN 2221-5956 pp. 592-602 |

***Труд објавен во зборник со меѓународен уредувачки одбор***

Majhosev, Andon and Denkova, Jadranka (2014) *Постапка за измени на Уставот на Република Македонија.*. Годишен зборник 2014, 4. ISSN 1857- 8713

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2010 год. е избрана во насловен доцент и со Одлука бр.1602-49/12 од 28.3.2011 г. ги предавала предметите на прв циклус студии - Односи со јавност и Права и слободи на човекот во РМ. Од 2011 година е вработена во Универзитетот и е вклучена во наставната дејност на Правниот факултет на првиот и вториот циклус студии. До воспоставувањето на новата предметна програма, како резултат на нова акредитација на Универзитетот во 2012 година ги предава следните предмети: Административно право, Управно-процесно право, Менаџмент со човечки ресурси, Односи со јавност, Права и слободи на човекот во РМ и Информативни жанрови.

Со новата акредитација од 2012 година, на првиот циклус на студии, е вклучена на сите насоки на следните предмети:

На насоката Правни студии во втор семестар, предметот Јавна администрација (4 кредити), изборен предмет (2+1+1), Струмица и Штип.

На насоката Правни студии во четврти семестар, предметот Административно право и административна постапка (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Струмица и Штип.

На насоката Правни студии во петти семестар, предметот Управни спорови (4 кредити) изборен предмет (2+1+1), Струмица и Штип.

На насоката Правни студии, модул Административно право во седми семестар, предметот Административно право - применета програма (8 кредити), задолжителен предмет (3+2+2), Струмица и Штип.

На насоката Правни студии, модул Административно право во седми семестар, предметот Менаџмент со човечките ресурси во јавната администрација, (8 кредити), задолжителен предмет (3+2+2), Струмица и Штип.

На насоката Правни студии, модул Административно право во осми семестар, предметот Управување и контрола во јавната администрација (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Струмица и Штип.

На Правосудната насока во деветти семестар, предметот Управување со човечки ресурси (6 кредити), изборен предмет (1+0+2), Штип.

На насоката Новинарство и односи со јавноста во втори семестар, предметот Култура на комуницирање (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Скопје и Штип.

На насоката Новинарство и односи со јавноста во трети семестар, предметот Односи со јавност (8 кредити), задолжителен предмет (3+2+2), Скопје и Штип.

**На втор циклус студии ги предава следните предмети:**

На Правосудната насока и применета политика и дипломатија, во првиот семестар, предметот Службенички систем (4 кредити), изборен предмет (2+1+1), Штип.

На Правосудната насока и Применета политика и дипломатија, 3+2 и 4+1 во вториот семестар, предметот Управно-процесно право (8 кредити), задолжителен предмет (3+2+2), Штип.

На студиска програма Јавна администрација 3+2 и 4+1 во првиот и третиот семестар, предметот Компаративни административни системи (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Штип.

На студиска програма Јавна администрација во првиот семестар, предметот Административно право, применета програма (8 кредити), задолжителен предмет (3+2+2), Штип.

На студиска програма Јавна администрација во прв семестар, предметот Управување и контрола во јавната администрација (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Штип.

На студиска програма Јавна администрација во прв семестар, предметот Менаџмент со човечки ресурси во јавната администрација (8 кредити), задолжителен предмет (3+2+2), Штип.

На студиска програма Комуникациски менаџмент и односи со јавноста (6 кредити), ги предава предметите Комуникациски менаџмент, Стратешки односи со јавност (8 кредити), Интеркултурна комуникација (6 кредити), Кризно комуницирање (8 кредити).

На студиска програма Масовни комуникации и менаџмент во медиумите 4+1, 3+2 во првиот семестар, предметот Менаџмент во медиумите (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Штип.

***На третиот циклус студии ги предава следните предмети***

На Катедрата за политички и правно-политички науки, студиска програма Политички науки – политички системи ги предава следните предмети: Анализа на јавни политики и Современи теории на управување и одлучување.

Во рамките на образовните активности, учествува во самостојниот развој на студентите на првиот и вториот циклус. Така, под нејзино менторство дипломирале на прв циклус студии повеќе од десет студенти. На втор циклус студии под нејзино менторство досега магистрирале пет студенти, а во моментот е ментор на 12 студенти запишани на магистерски студии. Покрај тоа, учествувала како член на комисија за одбрана на магистерски труд во повеќе од 15 комисии, а на додипломски студии во повеќе од 20 комисии.

Научната евалуација на научните трудови за избор во доцент е содржана во Рефератот за избор во насловен доцент, подготвен од проф. д-р Јован Ананиев, проф. д-р Вojо Беловски, проф. д-р Стефан Алексовски, којшто е усвоен од Наставно-научниот совет на Правниот факултет, а објавен во Билтен на Универзитет „Гоце Делчев" бр. 55 од 2011 година.

Од моментот на избор во доцент до денот на поднесувањето на документите врз основ на распишаниот Конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област наука за управата од 21 август 2015 година, кандидатката ги има објавено следниве трудови.

***Дел од монографија објавена во странство***

Јадранка Денкова *Legal basis for responsible working of the administration in the Republic of Macedonia*. In: Developing Country Perspectives on Public Service Delivery. Springer, United States. ISBN 978-81-322-2159-3

*Краток опис на трудот:* Трудот претставува дел од научна книга во којашто се обработуваат јавните сервиси во земјите во развој. Акцентот е ставен на реформите во јавните сервиси иницирани од Владата за унапредување на овој вид на услуги. Поглавјето за Република Македонија е истражувачки дел за реформата на администрацијата во РМ. Трудот ги пофаќа законските измени во периодот на транзиција и упатува на позитивните и негативните ефекти од тие измени. Истражувачките резултати се базираат на интервју реализирано во министерства и други државни органи, како и на анализа на документи. Заклучокот на трудот упатува од неопходност на воспоставување на јасни правила и процедури во доменот на остварувањето на јавните услуги од страна јавната администрација во РМ како основа за зголемување на ефикасноста на јавните сервиси во Република Македонија.

***Прегледни трудови објавени во меѓународни научни списанија***

Denkova, Jadranka and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon and Stojanovski, Strasko (2015) *Organizational and legal assumption for creating reliable public administration*. International Journal of Current Research, Indexin SJIF 2014 IJCR 7 (3). pp. 14184-14188. ISSN 0975-833X.

*Краток опис на трудот:* Трудот е базиран на истражување базирано на анализа на законски и подзаконски акти кои се однесуваат на докажување на одговорноста на администрацијата во Република Македонија. Во трудот е направена анализа на околу 50 законски подзаконски акти кои се поврзани со одговорното работење на администрацијата. Заклучокот упатува на нејасност во законите и потребата од нивна измена што ќе биде насочена кон докажувањето на одговорноста, а воедно подигнување на свеста во насока на одговорно работење на администрацијата во РМ.

Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2015) *Clear rule and regulation in state department basic for effectiveness public administration*. Holistica, Journal of Business and Public Administration Bucuresti, 6 (1). pp. 20-31. ISSN 2067-9785

*Краток опис на трудот:* Целта на овој труд е да согледа како се мери ефективноста на администрацијата во Република Македонија. Во трудот се анализирани организациската структура, доделувањето на работните задачи на администрацијата, мерењето на постигнувањата, индикаторите за ефективноста внатре и надвор од организацијата, оценувањето и мотивацијата на администрацијата. Акцентот на трудот е ставен на работните

процеси во организацијата, начинот на доделување на работните задачи, мерењето на постигнувањата и индикаторите за мерење на постигнувањата. Така, претпоставка е дека не може реално да се оцени администрацијата доколку не се потпира на внатрешни и надворешни индикатори на ефективноста.

Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka and Nikodinovska Krstevska, Ana (2015Авторите) *Rule of Law and Inclusion in the Republic of Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (2). pp. 428-435. ISSN 2307-4531

*Краток опис на трудот:* Авторите го анализираат концептот на владеењето на правото во контекст на вклученоста на граѓаните, односно моделот на транспарентно и партиципативно носење на одлуки. Овде се дава приказ од истражување кое е спроведено со помош на анкета и од кое се добиваат податоци за перцепцијата на корупцијата, стабилноста на институциите, заинтересираноста за учество во носењето на одлуки и сл. Истовремено, во трудот се дава приказ и критички осврт на правната рамка која го регулира ова прашање.

Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon and Denkova, Jadranka (2014) *Transparency vs. Corruption: The case of Republic of Macedonia.* Bulgarian Journal of Science and Education Policy (BJSEP), 8 (2). pp. 294-310. ISSN 1313-9118

*Краток опис на трудот:* Денес граѓаните сѐ повеќе стануваат рамноправен субјект со државните институции за заштита на своите права, а државните институции имаат одговорност да обезбедат отчетност, отвореност и транспарентност во своето работење ка-ко основните принципи врз кои се темели на принципот на добро владеење. Традиционалните модел на не транспарентна администрација денес исчезнува чекор по чекор. Донесувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во многу земји во светот кои сакаат да ги подобрат демократијата во нивните општества денес е процес што не може да се запре. Во денешно време, земјите кои немаат ваков закон не може да се каже дека да имаат целосна демократија. Доколку работата на јавните институции е транспарентна и на јавноста и се нудат сите информации за нејзиното работење, можноста за корупцијата е многу помала. Преку анализата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Македонија и може да се заклучи дека покрај некои недоследности што ги има Законот истиот придонесе за зголемување на транспарентноста и намалување на корупцијата во Република Македонија.

Jadranka Denkova and Margarita Matlieva (2012) HRM in public administration: effects of the public administration in the Republic of Macedonia, *International Journal of Business and Management Studies,* CD-ROM. ISSN: 2158-1479 :: 1(3):27–38 (2012) Copyright c 2012 by UniversityPublications.net

*Краток опис на трудот:* Управување со човечки ресурси во јавната администрација подразбира да се стават заедно индивидуалните перформанси на организацијата со целокупните капацитети во конкретната управна организационата поставеност.

Двете функции се меѓусебно зависни и се очекува да бидат поврзани со организационата структура и функционалните повратните информации, преку поставен систем од процедури.

Истражувањето беше фокусирана на меѓузависноста помеѓу административната ефикасност и организациски предуслови, како и организациската култура, однесување, системска размислување, итн. Заклучокот е дека управувањето со човечки ресурси треба да се базира на јасни правила и процедури за процесот на менаџирањето со човечките ресурси во администрацијата кои ќе влијаат на ефективноста во процесот со управување со човечките ресурси со администрацијата.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание***

Majhosev, Andon and Denkova, Jadranka (2014) *Results of the Procedure for Determining the Representativeness of Trade Unions and Employers' Associations in the Republic of Macedonia in 2010 (First count).* Balkan Social Science Review, 4. pp. 205-227. ISSN 1857-8772

*Краток опис на трудот:* Овој труд се занимава со проблемот на застапеност на синдикатите и здруженијата на работодавачите во процесот на колективното преговарање и трипартитни тела и институции во Република Македонија, при што акцентот е ставен

на примерокот на моделот на застапеност. Документот ги анализира предностите и недостатоците на мнозинството и репрезентативен модел на претставување. Во овој контекст, ги анализиравме одредбите од Законот за работни односи кои се однесуваат на критериумите на репрезентативноста на синдикатите и здруженијата на работодавачи. Весникот, исто така, се занимава со улогата, одговорностите и структурата на Комисијата за утврдување за застапување, како и со целокупната законска процедура за добивање на репрезентативниот статус на синдикатите и здруженијата на работодавачи. Посебен дел од трудот се презентирани резултатите од застапеноста на синдикати и здруженија на работодавачи во табела.

Denkova, Jadranka and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon (2013) *Clear indicators and pointers for measurements of the achievment in the state service basis for motivated administration*. Journal of Process Management – New Technologies International, 1 (3). pp. 30-35. ISSN 2334–7449 (online)/ 2334 735X (print)

*Краток опис на трудот:* Со двосмислена овластувања и одговорности нема прецизни и мерливи показатели за ефикасноста и ефективноста на јавната администрација. Овластувањата и одговорностите на администрацијата се мерливи доколку се поддржани со мерливи индикатори. Целта на овој труд е да се анализираат државните органи во однос на мерењето и оценување на работата на државните службеници, постапките за евалуација и дали постојат јасни показатели преку кои ќе се измерат резултатите на работниците Главната насока во процесот на реформа на администрацијата Македонија е создавање на професионални деполитизирана, ефикасна и ефективна и граѓански ориентирана администрација.

Majhosev, Andon and Denkova, Jadranka (2013) *Постапка за измени на Уставот на Република Македонија*. Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (2011/12), 4 (4). ISSN 1857-8713

*Краток опис на трудот* Во трудот е објаснета целокупната постапка за измени во Уставот на Република Македонија, која опфаќа пет фази. Во тој контекст, секоја фаза од постапката е објаснета и образложена. Исто така, во трудот е поместена содржината и суштината на сите досега донесни амандмани (I-XXXII) од уставно-правен аспект. Во продолжение, во посебен дел се образложени правно-политичките аспекти на новите предлог-амандмани на новите измени на Уставот на Република Македонија (XXXIII-XXXIX). На крајот од трудот се поместени заклучоците.

Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka (2014) *The multiethnic coexistence on the Balkans*. Journal pf Process Management - New Tehnologies International (JPMNT), 2 (2). pp. 70-76. ISSN 2334-735

*Краток опис на трудот:* Мултиетничкото општество е реалност на Балканот и има свои специфики во овој регион за разлика од останатите европски земји. Мултиетничноста опфаќа во себе и мултикултурност и мултиконфесионалност, а многу често и мултилинвалност. Сето ова, дополнето со фактот што идентитетите на Балканот не се сосема јасни и се испреплетуваат од земја до земја создава специфични модели за одделни земји и креирање на механизми за одржување на мултиетничноста во овие општества како модел за превенција од конфликти.

Suzana Dzamtovska-Zdravkovska, PhD, Margarita Matlievska, PhD, Jadranka Denkova, PhD,(2014) Managin the access to information in Macedonia, *(JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International, ISSN: 2334-7449*

*Краток опис на трудот:* Целта на трудот е да го презентира начинот на кој во Република Македонија се управува со слободниот пристап до информации од јавен карактер. Овој труд го поддржува фактот дека не е можна транспарентност и отчетност на државните институции доколку законски не се регулира оваа област. Посебен акцент во истражувањето е ставен врз Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, седум години од неговата примена. Резултатите од спроведеното истражување ја потврдуваат почетната хипотеза дека со соодветно уставно и законско нормирање се поставени темелите за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Добиените резултати упатуваат на општиот заклучок дека состојбата во Република Македонија, генерално, е добра. Сепак, констатирана е и потреба од поголема афирмација и посилна актуализација на правото на граѓаните за пристап до информациите од јавен карактер.

Denkova, Jadranka and Kolevski, Sasko (2015) *Analysis of the new legal acts on mobbing protection of the employees in the Republic of Macedonia*. (JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International, Vranje Srbia, 3 (3). pp. 39-44. ISSN 2334-7449.

Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Denkova, Jadranka and Majhosev, Andon (2013) *The importance of communication in the process of integration in the European Union: case study of the Republic of Macedonia*. Journal of Process Management – New Technologies, International, 1 (4). pp. 64-73. ISSN 2334-7449 (online) / 2334-735X (print).

Majhosev, Andon and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Denkova, Jadranka (2013) *Collective negotiations in the European Union*. Journal for European Issues Evrodijalog (18). pp. 181-192. ISSN 1857-8136 03.

Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Matlievska, Margarita and Denkova, Jadranka (2013) *Internal communication as a precondition for successful management - theoretical approach*. Journal of Process Management – New Technologies, International, 1 (2). pp. 96-101. ISSN 2334–7449 (online)/ 2334–735X (print).

Matlievska, Margarita and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Denkova, Jadranka (2014) *Managing sustainability: Poetry of motion*. International Journal of Development and Sustainability, 3 (11). pp. 2162-2174. ISSN 2186-8662.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир/научни конференции одржани во странство***

Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana, *The role of the administration in the process of the decision making in the local self government in the Republic of Macedonia,* 2015, Человек в глобальном мире, материалы Международной научной конференции (Воронеж, 18–20 мая 2015 г.). pp. 327-332. ISSN ISBN 978-5-9273-2207-7

Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka, *Улогата на граѓанските организации во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа на Република Македонија,* 2015, First International Scientific Confetence: The Man in the Global World, 18-20 May 2015, Faculty of Law, University of Voronezh, Russia

Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Trajkov, Petar, *Weber's models of bureaucracy in the age of globalization,* 2014, International Scientific Conference: "Social Change in the Global World", Stip, Macedonia ISBN 978-608-244-129-0

Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2014) *Clear rule and regulation in state department basic for effectiveness public administration*. In: The International Conference Global Economy and Governance, 10-12 Sept 2014, Bucharest, Romania.

Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan (2013) *Preconditions for efficient public administration in the Republic of Macedonia*. National Question in the Central Europe, Democratic responses to unresolved national and ethnic conflicts International Conference. 22-24 March 2013. pp. 239-248. ISSN 978-615-5432-00-2 , Budapest, Hungary

Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka (2013) *Citizens participation at local level in the Republic of Macedonia*. National Question in Central Europe: Democratic responses to unresolved national and ethnic conflicts (262). ISSN ISBN 978-615-5432-00-2 Budapest, Hungary.

Denkova, Jadranka (2012) *Completed legal structure basis for responsible working of the state administration (paper of a case Republic of Macedonia)*. Inernational Conference on Public policy and Goverernece.ISBN: 978-93-82062-60-8.

Denkova, Jadranka (2012) *Encircled reform of the public administration basis for responsible working (case study of the Republic of Macedonia)*. In: 1st International Conference South-East European Countries toward European Integration. Faculty of Economy Elbasan – Albania, pp. 592-602. ISSN: 2221-5956

Denkova, Jadranka and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Ananiev, Jovan (2013) *The necessity for standards and procedures for trainings and professional development of the administration in Republic of Macedonia*. In: 3th Jubilee International Scientific Conference:

Standards in and challenges to public administration in XXI century, 10-11 May 2013, “D.A. Tsenov Academy of Economics” Svishtov, Bulgaria

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир/научни конференции одржани во земјава***

Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Trajkov, Petar (2014) *Weber's models of bureaucracy in the age of globalization*. In: International Scientific Conference: “Social Change in the Global World”, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-244-129-0

Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Denkova, Jadranka (2014) *Институционална веб меморија*. Зборник на трудови - Културна меморија (217). pp. 87-99. ISSN ISBN: 978-9989-191-29-9.

Denkova, Jadranka and Stojanovski, Strasko and Matlievska, Margarita (2014) *Successful management of human resources, a basis for an effective public administration in RM*. In: Петта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“, 25-26 Apr 2014, Sveti Nikole, Republic of Macedonia.ISSN: 1857-9299, Vol.1, 5.

***Учество на научен собир со реферат (усно) во странство***

Во рамките на програмата STACS Alumni Community of interest учествува со презентација на семинар на тема *Shaping the Future of Transatlantic Civil Security Education во 2012* во Германија, Гармиш. Учествува со усна презентација на конференција во Букурешт, Албанија и Бугарија.

***Учество во научноистражувачки проекти***

Учесник е во научноистражувачкиот проект „Партиципативноста и транспарентноста на единиците за локална самоуправа во Источниот плански регион“ којшто се реализира во 2014 и 2015 година и е поддржан од Фондот за научноистражувачка активност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Учествува во научноистражувачкиот проект The World Justice Project/Rule of Law Index за 2012, 2014 и 2015 година.

Член е на Програмскиот комитет на Годишник на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Член е на Програмскиот комитет на Првата меѓународна конференција во организација на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип „Општествените промени во глобалниот свет“, 2014; на Првата меѓународна конференција во организација на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип; „Општествените промени во глобалниот свет, 2015; Меѓународната конференција „Човекот во глобалниот свет“, Ворoњеж, Русија, 2015.

Член е на Уредувачкиот одбор на списанието *Spiru Haret* University, Economic Series во Букурешт.

***Рецензент е на три научни труда.***

Во делот на наставно-образовната и научноистражувачката дејност може да се заклучи дека кандидатката бележи континуитет во својот академски развој од нејзиниот избор во доцент до моментот на пишување на овој реферат, бидејќи е избрана и предавала група предмети кои припаѓаат на научната област наука за управата. Има искуство како член на комисии за одбрани на магистерски трудови, како и ментор во подготовка на магистерски трудови. Во своето досегашно научноистражувачко творештво кандидатката има објавено околу 40 труда, од кои во последните пет години има објавено голем број трудови во научната област наука за управата, дел од монографија објавена во странство, скрипта и практикум, пет прегледни трудови, десет труда со оригинални резултати, осум труда објавени во зборници од научни конференции во странство и три во земјава. Исто така, има активности во научни списанија и учествува во научноистражувачки проекти. Од приложената документација се констатира дека има позитивна евалуација од студентите за нејзината работа како доцент. Врз основа на бодирањето може да се констатира дека кандидатката има 30 бода од наставно-образовната дејност и 120 бода од научноистражувачката дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Автор е на скрипта и практикум со наслов „*Менаџмент со човечките ресурси во јавната администрација“,* издадени во 2015 година од страна на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип како електронско издание.

Во 2015 година со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија е избрана сум како експерт за подготовка на прашања за испит на директори од областа на јавната администрација и комуникациите наменети за Академијата на судии и јавни обвинители.

Во 2015 година е избрана од страна на Кабинетот на Претседателот на државата да даде научен придонес од областа на јавната администрација, како рецензент на кандидати кои аплицираат за наградата „Најдобар млад научник” што е воспоставена од страна на Претседателот на Република Македонија.

Била избрана за член на Универзитетскиот сенат како претставник за Правниот факултет во периодот од 19.10.2011 година до 24.12.2013 година.

Во рамките на својата наставно-научна дејност, досега била рецензент во три комисии за избор во наставно-научни звања. Покрај тоа, била рецензент на три комисии за објавување на учебници и скрипти од страна на наставници од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Во 2012 година е избрана за член во Комисијата за самоевалуација што ја спроведуваше Правниот факултет.

Била член на Комисија за запишување на студенти во втор циклус студии во учебните години 2013/2014, 2014/2015 и 2015/2016 г.

Била член на комисијата за запишување на студенти на прв циклус студии во учебната 2015/2016 г.

Член е на Комисијата за утврдување на плагијати за изданија на Правниот факултет од Катедрата на правно-политички науки.

Од горенаведеното може да се заклучи дека кандидатката има богата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност што се констатира преку нејзината творечка активност во издавањето на скрипта и практикум, како и меѓународно издание, влијанието кое го има во општествената заедница преку нејзината активност како учесник на научни конференции во земјава и во странство и учеството во проекти. Дава голем придонес во развојот на Универзитетот преку нејзината активност како поранешен член на Универзитетскиот сенат и други стручни комисии. Од приложените активности може да се заклучи дека кандидатката од компонентата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност има 61 бод.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги има поднесено сите потребни документи во согласност со Конкурсот и истите се правно валидни. Констатира дека додипломските и постдипломските студии на кандидатката, како и докторатот, се во областа на науката за управата и има потполна компетенција да биде наставник во научната област наука за управата. Исто така, констатира дека има континуитет во наставно-научната активност како доцент која била бирана во научната област наука за управата.

Комисијата заклучува дека кандидатката има богата наставно-образовна активност на двата циклуса на студии, била ментор на повеќе магистерски трудови одбранети на нејзиниот матичен факултет и во текот на петгодишната активност предавала предмети кои се во доменот на научната област наука за управата.

Комисијата заклучува дека во нејзиниот досегашен академски ангажман, од 2010 година до денес, има објавено околу 40 труда. Во последните пет години има објавено дел од меѓународна книга во странство, како и голем број прегледни трудови и трудови со оригинални резултати, објавени во научни списанија. Исто така, има објавено научни трудови во зборници од конференции одржани во Македонија, Америка, Индија, Букурешт, Будимпешта, Бугарија. Албанија. Од нејзините научни активности се заклучува дека станува збор за трудови со голема научна вредност, современа методологија и важни

за македонската и пошироката научна мисла. Исто така, како учесник на неколку научноистражувачки проекти ја збогатува истражувачката активност во државата во доменот на управните науки.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката има 30 бода од наставно-образовната активност, 120 бода од научноистражувачката активност и 61 бод од стручно-апликативна и организациско-развојна активност, односно вкупно 211 бода, во согласност со табелата за бодирање на активностите. Има богата научноистражувачка и наставно-образовна активност како доцент во областа на науката за управата и значајна стручно-апликативна и организациско- развојна активност. Станува збор за кандидатка со високи научни, наставни и стручни капацитети и има дадено голем придонес во развојот на науката за управата во Република Македонија. Врз основа на горепосоченото, рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правен факултет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката кандидатката доц. д-р Јадранка Денкова да ја избере во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област наука за управата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Јован Ананиев, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Илија Тодоровски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Стојмен Михајловски, редовен професор во пензија, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | **доцент** | 30 | | | | **30** |
| | Вонреден професор | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | | | | | | |
| | Монографија или научна книга | | | | | |
| | Дел од монографија или научна книга | | | 1 | 10 | **10** |
| | Прегледен труд објавен во научно списание со ССЦИ во Web of Science | | | | | |
| | Прегледен труд во останати научни списанија | | | 5 | 5 | **25** |
| | Труд со оригинални научни резултати | 1 | 3 | 8 | 3 | **27** |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир/ научна конференција | 3 | 1 | 8 | 2 | **19** |
| | Учество на научен собир со устен реферат | | | 5 | 2 | **10** |
| | Одбранет магистерски труд | 5 | 4 | | | **20** |
| | Учество во научен проект | 1 | 1 | 1 | 2 | **3** |
| | Уредник на научно списание | | | | | |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | 1 | 1 | **2** |
| | Уредник на зборник на трудови | | | | | |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир | 1 | 1 | | | **1** |
| | Рецензент на научен труд | 3 | 1 | | | **3** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **150** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Книга | 2 | 20 | | | **40** |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | | | **2** |
| | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | 1 | 2 | **2** |
| | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 4 | 2 | | | **8** |
| | Учество во проект | | | 2 | 4 | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **61** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **211** |